**КОМЕНТАР НА НАЦРТ СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД 2017-2022 СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ДЕЛОТ ПОСВЕТЕН НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ**

## 1. КОМЕНТАР НА НАЦРТ СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД 2017-2022

Реформата на јавната администрација во Република Македонија е политика која го зазема едно од централните места на случувања во општествениот живот, имајќи ги во предвид евроатланските аспирации на државата. Реформата на јавната администрација како процес но и нејзините одделни аспекти е дел од сите релевантни меѓународни извештаи за РМ: Имено реформата на јавната администрација базирано на принципот на темелните определби на ЕУ fundamentals first) утврдени во Стратегијата за проширување 2015-2016 година една од областите кои се сметаат за темелни е и реформата на јавната администрација.

Иако дел од многу меѓународни документи реформата на јавната администрација  до сега се чинеше дека беше водена во сенка на останатите општествени процеси. Новата Стратегија за реформа на јавна администрација 2017-2022 дава можност да се надмине ова и  да го стави овој процес во центарот на општествените случувања.

Новата Стратегија за реформа на јавна администрација 2017-2022 е документ кој заедно со Акцискиот план 2017-2022 ги дава генералните насоки за процесот на реформа на јавната администрација. Сепак ваквиот документ има одредени недостатоци кои е потребно да се надминат:

- Не постои усогласеност помеѓу мерките кои се предвидени во акцискиот план и текстот на Стратегијата
- Дел од мерките немаат индикатори, а оние кои имаат не секогаш одговараат и можат да измерат исполнување на конкретната мерка.
- Одредени мерки кои водат кон исполнување на одредени резултати кои се дефинирани во акцискиот план се премногу општо дефинирани и нивната комбинација не доведува до исполнување на резултатот, додека други се видливи процеси кои веќе течат или се воспоставени а мерките предвидени се единствено во насока на подобрување или дополнување на веќе воспоставените механизми.
- Понатаму одредени мерки кои се предвидени во стратегијата за реформата на јавната администрација не припаѓаат таму и немаат реформаторски карактер. Таков пример е предвидениот попис на население.

Со цел добивање на поквалитетен текст и акциски план на Стратегијата за реформа на јавната администрација потребно е одредени услови да се исполнат пред да се донесат битни документи како што е Стратегија за РЈА за период од 5 години. Потребни се анализи и извештаи кои можат да дадат релевантни податоци кои пак можат да го подобрат текстот и фокусот на

*Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики* „**ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии**“ – Скопје; „Мајаковски“ број 2-4, 1000 Скопје;
ЕМБС: 5717175; Евростандард Банка АД – Скопје: 370011100032359; Даночен број: 4030002466407
*Association of Citizens for research, analysis and public policy development* “**EUROTHINK – Center for European Strategies**” – Skopje; “Majakovski” 2-4, 1000 Skopje;
SBIN: 5717175; Eurostandard Bank JSC – Skopje: 370011100032359; Tax Number: 4030002466407

новата стратегија. Оттаму потребно е да има што повеќе извештаи и анализи кои детално ќе ги разгледуваат и скенираат состојбите во одредени области од реформата на Јавната администрација и кои ќе да дадат препораки и решенија базирани на докази. Во овој контекст потребен е зголемено статистичко и квантитативно поткрепување на предвидените мерки и резултати, како на пример: статистички податоци и анализи околу одредени услуги кои ги нуди јавната администрација.

Втор предуслов кој мора да постои е подобра координација на секое ниво во однос на имплементирањето на стратегијата. Со цел да се овозможи подобро планирање но и самото спроведување на РЈА потребно е да постои подобра координација на секое но и помеѓу секое ниво на власт, односно подобра координација и стратешко планирање внатре во министерствата, меѓу ресорски односно меѓу министерско но и помеѓу локално и централно ниво.

Исто така иако самата Стратегија како начин на мониторинг предвидува објавување на квартални извештаи за евалуација на исполнувањето на самата стратегија, потребно е да се обезбеди простор за надворешен мониторинг на исполнување на самата Стратегија односно да се даде простор на граѓанските организации активно да учествуваат во овој процес со свои анализи од областите на кои тие работат.

Последниот предизвик за новата Стратегија за РЈА е фактот што нејзиниот текст и мерки се пишувани во време на една Влада, а треба да биде имплементирана од друга Влада. Токму затоа е потребно усогласување на оваа стратегија со приоритетите дефинирани од Новата влада и со годишните програми за работа на новата Влада.

Последно, потребен е поголем фокус на Стратегијата на најгорливите проблеми во Македонија кои се однесуваат на реформа на јавната администрација како:

- Професионализација на јавната администрација
- Транспарентност и отчетност на секое ниво на државни институции и институции кои вршат јавни овластувања.
- Вработување на јавна администрација
- Функционална анализа на јавна администрација и бројност
- Размена на податоци интероперабилност

Исто така потребно е Стратегијата да има солидни фискални импликации, односно добро да се предвидени средствата кои се потребни за исполнување на одредена мерка.

Сепак потребно е што поскоро да се донесе од една страна квалитетна стратегија која вистински ќе гарантира реформа на јавната администрација, а од друга страна пак потребно е што побрзо да се затвори процесот на нејзиното усвојување, со цел да се почне со вистинско имплементирање на реформите. Дополнително треба да се земе во предвид дека и користењето на средствата наменети за РЈА од ИПА 2 програмата меѓу другото зависат и од што поскоро нејзино усвојување, и треба да се избегне губење на вакви средства поради не ажурност на јавната администрација.

Притоа при исполнувањето на целите предвидени во Стратегијата за РЈА, треба да се има во предвид и да не се заборави крајната цел на истата, а тоа е дека јавната администрација и

нејзината реформа и подобрување е пред се цел наменета за граѓаните на РМ олеснување на животот на граѓаните со правење на подостапни и побрзи услугите наменети за граѓаните и бизнисите.

## 2. КОМЕНТАР НА ДЕЛОТ ПОСВЕТЕН НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Имајќи во предвид дека воведувањето на нови правила и стандарди за било која политика, треба да биде детално спроведено, што пак бара одредено време за нејзино имплементирање, зголемувањето на активната транспарентност на институциите не треба да биде предмет само на воведување на нови стандарди и правила, туку треба да се движи и во насока на зајакнување на веќе изградените механизми, правила и постоечките капацитети. Ваквиот приод ќе овозможи подобри и побрзи резултати, отколку воведување на нови правила за кои треба време и ресурси. Воведувањето на нови правила и стандарди може да биде дополнителна мерка за подобрување на транспарентноста на институциите.

Во однос на делот кој се однесува на Резултатот С2 „Подобрена активна транспарентност на институциите преку воспоставување и имплементирање на стандарди, подигнување на јавната свест и зајакнување на капацитетите“ во акцискиот план се наведени следните активности:

2.1 Воведување стандарди за активна е- транспарентност на органи на државна управа и единиците на локалната самоуправа

2.2. Зајакнување на капацитетите на институциите на централно ниво и на единиците на локалната самоуправа за примена на стандардите за е- транспарентност

Покрај овие активности сметаме дека треба да се додаде и активност која ќе биде посветена на градење на капацитетите за отворени податоци, која активност во себе би содржела под-активности посветени на обуки за ставање во формат на отворени податоци, наметнување на обврски и креирање на правилници за отворени податоци итн.

Во однос на подактивностите кои се однесуваат на Резултат С2 „Подобрена активна транспарентност на институциите преку воспоставување и имплементирање на стандарди, подигнување на јавната свест и зајакнување на капацитетите“.

Во однос на делот 2.1. Воведување стандарди за активна е- транспарентност на органи на државна управа и единиците на локалната самоуправа треба да се додадат следните подактивности:

- Секоја институција задолжително да објавува листа на информации од јавен карактер и не само листата туку и информациите од листата.

- Сеопфатен пристап преку објавување на каталог на информации од јавен карактер, кој би важел за сите институции, но и специфични дополнувања на информации кои само одредени институции ги располагаат или ги произведува.

- Да има секоја институција лице назначено за информации од јавен карактер и транспарентност кој ќе биде единствено посветен на овие две области. Иако оваа пракса постои и до сега, најчесто лицето задолжено за информации од јавен карактер работи и други работни задачи.

Потребно ова лице кое работи информации од јавен карактер да работи единствено и посветено на пристап до информации од јавен карактер и на транспарентност.

- Информациите кои се објавуваат веднаш да бидат ставени и во формат на отворени податоци да се преработуваат. Така ако годишниот извештај содржи и некои статистички податоци тие да се ставаат веднаш и во отворен формат како дополнителна информација.

- Да се активира повторно интернет страницата за отворени податоци и редовно да се ажурира

Во однос на 2.3 Зајакнување на надлежностите и на капацитетите на Комисијата за заштита на правото на пристап до јавни информации, потребно е да се имплементираат следните мерки:

- Да се зголемат надлежностите на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно да и се додели можност да изрекува казни

- Давање на надлежност на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер да може да наложи на институцијата која не ја дава информацијата да ја даде бараната информација.

Во однос на индикатори во однос на резултатот С2 од акцискиот план, посветен на „Подобрена активна транспарентност на институциите преку воспоставување и имплементирање на стандарди, подигнување на јавната свест и зајакнување на капацитетите„ (Improved active transparency of institutions by establishing and implementing standards, raising the public awareness and strengthening the capacities), треба да се додаде како индикатор и бројка на објавени информации по листата на информации од јавен карактер.